Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 18 и член 43 став (3) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 236/22, 134/24 и 147/24) и член 26 став (3) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 и 44/21), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 1 август 2024 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ПРОБНА РАБОТА**

1. Се продолжува лиценцата за пробна работа за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ „ПЕЛИСТЕР ИНТЕРНАЦИОНАЛ”, издадена на Друштвото за транспорт, трговија и услуги ПЕЛИСТЕР-ИНТЕРНАЦИОНАЛ увоз-извоз Битола ДООЕЛ со Одлука за издавање на лиценца за пробна работа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 257/23).

2. Во Прилог 1 точка 4 зборовите „4 август 2024 година” се заменуваат со зборовите „4 февруари 2025 година”.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштвото за транспорт, трговија и услуги ПЕЛИСТЕР-ИНТЕРНАЦИОНАЛ увоз-извоз Битола ДООЕЛ, со седиште на ул. „Добривоје Радосављевиќ“ бр. 3 Битола на 24 јули 2024 година до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги со управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Барање за продолжување на лиценца за пробна работа за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија, УП1 бр.12-451/24 од 24 јули 2024 година.

Регулаторната комисија за енергетика има донесено Одлука за издавање на привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ „ПЕЛИСТЕР ИНТЕРНАЦИОНАЛ”, УП1 бр.12-665/23 од 25 септември 2023 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 200/23) и Одлука за издавање на лиценца за пробна работа од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ „ПЕЛИСТЕР ИНТЕРНАЦИОНАЛ”, УП1 бр.12-861/23 од 4 декември 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.257/23).

Друштвото го достави Барањето и потребната документација наведена во член 7 и Прилог 1 точка 12, односно во Образецот БЛ 12 од Правилникот за лиценци во оригинал.

Продолжувањето на лиценцата за пробна работа е побарано за период од 6 месеци, а како причина е наведено тоа што „во моментот имаме добиено правосилно решение за измени во тек на градба и ќе се аплицира до Министерството за економија за добивање на употребна дозвола на ФНЦ со што потоа би аплицирале за добивање на трајна лиценца за производство на електрична енергија“.

Регулаторната комисија за енергетика утврди дека поднесеното Барање е потполно и согласно член 5 став (4) од Деловникот за работа со Решение бр. 02-1389/1 од 1 август 2024 година, одлучи да се одржи седница за донесување на оваа одлука без одржување на подготвителна седница.

Регулаторната комисија за енергетика на 1 август 2024 година одржа седница на којашто врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 18 и член 43 став (3) од Законот за енергетика* и член 26 став (3) од Правилникот за лиценци, донесе Одлука за продолжување на лиценца за пробна работа за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ „ПЕЛИСТЕР ИНТЕРНАЦИОНАЛ", издадена на Друштвото за транспорт, трговија и услуги ПЕЛИСТЕР-ИНТЕРНАЦИОНАЛ увоз-извоз Битола ДООЕЛ.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 бр.12-451/24**
**1 август 2024 година**
**Скопје**

**Претседател**
**на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**